# Извештај за учество на акционерски собранија за месец април 2024 година

мај, 2024

WVP PENZISKO

# Извештај за учество на акционерски собранија во месец април 2024 година

## 1. Општ дел

| Компанија | Македонски Телеком АД Скопје |
|---|---|
| Процент на вложувања во издавачот во однос на вредноста на пензискиот фонд | 1,38% |
| Процент на вложувања во издавачот во однос на вкупните издадени хартии од вредност од страна на издавачот | 0,00% |
| Датум на одржување на собранието | 04.04.2024 |
| Дневен ред | 1. Избор на претседавач, нотар и бројач на гласови;<br>2. Предлог Одлука за реизбор, отповикување и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото |
| Претставник | Марио Ѓорѓиев – Претседател на управен одбор на ВФП Пензиско друштво АД Скопје |
| | |

## 2. Посебен дел

| Компанија | Македонски Телеком АД Скопје | |
|---|---|---|
| **Дневен ред** | **Одлука** | **Гласање на ВФП пензиско друштво** |
| 1. Избор на претседавач, нотар и бројач на гласови; | Изгласан беше изборот на претседавач, нотар и бројач на гласови | "ЗА" |
| 2. Предлог Одлука за реизбор, отповикување и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото | -Собранието на Друштвото го реизбра:<br>г-дин Лубор Жатко, државјанин на Република Словачка, за Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 15 април 2024 година.<br><br>-Собранието на Друштвото го отповикува:<br>г-дин Мартин Ренер, државјанин на Република Германија, од позицијата Независен Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, почнувајќи од 15 април 2024 година<br><br>-Собранието на Друштвото го избира:<br>г-дин Младен Митиќ, државјанин на Република Србија, за Независен Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 15 април 2024 година.<br><br>- Мандатот на реизбраниот член и на избраниот член на Одборот на директори на Друштвото изнесува 4 години, согласно Статутот на Друштвото.<br><br>- Собранието на Друштвото го овластува Главниот извршен директор на Друштвото да ги преземе сите потребни дејствија за упис на | "ЗА" |

| | | |
|---|---|---|
| | бришењето на г-дин Мартин Ренер како член на Одборот на директори и на реизборот и изборот на членовите на Одборот на директори во Трговскиот регистар којшто се води од страна Централниот регистар на Република Северна Македонија | |

## 1. Општ дел

| Компанија | Алкалоид АД Скопје |
|---|---|
| Процент на вложувања во издавачот во однос на вредноста на пензискиот фонд | 3,88% |
| Процент на вложувања во издавачот во однос на вкупните издадени хартии од вредност од страна на издавачот | 0,01% |
| Датум на одржување на собранието | 01.04.2024 |
| Дневен ред | 1. Избор на претседавач<br>2. Избор на бројач на гласови<br>3. Предлог Одлука за измени и дополнувања на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје заради додавање на дејност во предметот на работење, во насока на усогласување со сметководствените прописи, со прилог предлог пречистен текст на Статутот;<br>4. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2023 година<br>5. Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година (единечни и консолидирани);<br>6. Извештаи за извршена ревизија од овластен ревизор;<br>7. Извештај за работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2023 година;<br>8. Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2023 година;<br>9. Предлог-Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2023 година (дивиденден календар);<br>10. Предлог-Одлука за стекнување сопствени акции со откуп;<br>11. Предлог-Одлука за отуѓување сопствени акции;<br>12. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година. |
| Претставник | Гласање со коресподенција |
| | |

## 2. Посебен дел

| Компанија | Алкалоид АД Скопје | |
|---|---|---|
| **Дневен ред** | **Одлука** | **Гласање на ВФП пензиско друштво** |
| 1. Избор на претседавач | За Претседавач со собранието на Алкалоид АД Скопје се избира Марија Малова.<br>Мандатот на Претседавачот со Собранието трае до изборот на претседавачот на наредното собрание кое треба да се одржи | "ЗА" |
| 2. Избор на бројач на гласови | Се избираат бројачи на гласови во состав:<br>1. Билјана Кашмицовска<br>2.Александар Шулески<br>3.Александар Стојановски | "ЗА" |
| 3.Предлог Одлука за измени и дополнувања на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје заради додавање на дејност во предметот на работење, во насока на усогласување со сметководствените прописи, со прилог предлог пречистен текст на Статутот; | -Во текстот на Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, во наоска на негово усогласување со сметководствените прописи се вршат следниве измени и дополнувања:<br>Чл.1 во членот 9 ст.1 ал. „69,10/4 Други правни работи“ се додава нова алинеја „69.20 Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи и даночно советување“.<br>Чл.2 Во членот 10 зборовите „сметководствени и книговодствени работи“ се бришат.<br>-Во членот 214 зборовите „0201-12/1 од 08.04.2019“ се заменуваат со зборовите „0201-03/1 од 04.04.2023“ | "ЗА" |
| 4.Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2023 година | Се одобрува и усвојува:<br>-Годишен Извештај за работа на Алкалоид АД Скопје за периодот јануари-декември 2023 година<br>-Консолидиран Годишен Извештај за работата на Алкалоид АД Скопје за период јануари-декември 2023 година | "ЗА" |
| 5. Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2023 година (единечни и консолидирани); | Се одобрува и усвојува:<br>-Годишна сметка на Алкалоид АД Скопје за 2023 година<br>-Консолидирана годишна сметка на Алкалоид АД Скопје за 2023 година<br>-Финансиски Извештаи на Алкалоид АД Скопје за годината завршена на 31 декември 2023 (единечни и консолидирани) | "ЗА" |
| | Се одобрува работата и водењето на работењето на Друштвото од страна на членовите на Управен одбор на Алкалоид АД Скопје во текот на 2023 година и тоа:<br>1. Живко Мукаетов, Претседател<br>2. Ѓорги Јованов, член<br>3. Виктор Стојчевски, член<br>4. Оливера Панева, член | |

| | | |
|---|---|---|
| | 5. Ќире Ицев, член | |
| 6. Извештаи за извршена ревизија од овластен ревизор; | Се усвојуваат Извештаите за извршена ревизија на Финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје за годината завршена на 31 декември 2023 година од овластен ревизор од ревизорското друштво ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО, Скопје (PwC). | "ЗА" |
| 7. Извештај за работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2023 година; | Се одобрува работата на членовите на Надзорен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во текот на 2023 година и тоа:<br>1. Проф.Д-р Миодраг Мицајков, Претседател<br>2. Бојанчо Кралевски, член<br>3. Лидија Софревска Андонова, независен член | "ЗА" |
| 8. Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2023 година; | 1. Дел за дивиденда и данок на личен доход 772.930.620 ден.<br>2. Дел од добивката за инвестиции 747.616.194 ден.<br>НЕТО ДОБИВКА 1.520.546.814 ден | "ЗА" |
| 9. Предлог-Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2023 година (дивиденден календар); | Согласно Одлуката за употреба и распоредување на нето добивката остварена по годишната сметка за 2023 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2023 година во висина од 486,00 денари нето, односно 540,00 денари бруто, за една акција.<br>Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите<br>Последен датум на тргување со право на дивиденда за 2023 година е 16.04.2024 година.<br>Прв датум на тргување без право на дивиденда за 2023 година е 17.04.2024 година.<br>Датум на стекнување на право на дивиденда за 2023 година е 18.04.2024 година.<br>Исплата на дивидендата за 2023 година ќе започне од 15.05.2024 година. | "ЗА" |
| 10. Предлог-Одлука за стекнување сопствени акции со откуп | Се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп на најмногу една десетина од основната главнина на Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД Скопје, по најниска цена од 1.551,00 денари односно највисока цена од 38.000,00 денари за една акција.<br>Откупот на акциите ќе се изврши во време коешто не може да биде подолго од дванаесет месеци од денот на донесувањето на оваа Одлука.<br>Исплатата на средствата за откуп на сопствените акции ќе се врши од сметката на Друштвото.<br>Купувањето на акциите според член 1 од оваа Одлука ќе се изврши од посебните резерви издвоени во претходните години. | "ЗА" |
| 11. Предлог-Одлука за отуѓување сопствени акции; | Се одобрува отуѓување на сопствени акции на Фармацевтска хемиска козметичка | "ЗА" |

| | | |
|---|---|---|
| | индустрија АЛКАЛОИД АД Скопје стекнати до одржувањето на годишното собрание на друштвото на ден 01.04.2024 година, како и акциите кои ќе бидат купени согласно Одлуката на собрание на друштвото од 01.04.2024 година.<br>Целта поради која се отуѓуваат сопствените акции е одржување стабилност на компанијата и усогласување со законските одредби.<br>Номиналната вредност на една обична акција на АЛКАЛОИД АД Скопје<br>изнесува 25,56 ЕВРА<br>Сопствените акции кои се предмет на отуѓување се со право на глас, по<br>принципот една акција дава право на еден глас во собранието на друштвото.<br>Согласно законските прописи и Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје,<br>акционерите исплатата на дивиденда може да ја добијат во пари, во акции, во пари и<br>акции.<br>Постапката за отуѓување на сопствени акции ќе се спроведе согласно ЗХВ<br>Собранието на друштвото го овластува Управниот одбор на Алкалоид АД Скопје поблиску да ги определи начинот на продажба, цената и другите потребни активности и податоци утврдени во ЗХВ и да изврши измени и дополнувања на оваа Одлука | |
| 12. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година. | За овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи<br>на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2024 година се назначува ревизорското друштво<br>ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО, Скопје (PwC). | "ЗА" |

## 1. Општ дел

| Компанија | Македонијатурист АД Скопје |
|---|---|
| Процент на вложувања во издавачот во однос на вредноста на пензискиот фонд | 0,77% |
| Процент на вложувања во издавачот во однос на вкупните издадени хартии од вредност од страна на издавачот | 0,00% |
| Датум на одржување на собранието | 17.04.2024 |
| Дневен ред | **Процедурален дел:**<br>1. Отварање на Собранието;<br>2. Избор на верификациона комисија и бројач на гласови;<br>3. Избор на Претседавач со Собранието;<br>**Работен дел:**<br>1. Извештај од верификационата комисија; |

2. Усвојување на записник од редовна годишна седница на Собранието на акционери на "Македонијатурист" АД Скопје одржана на на ден 19.04.2023 година, заведен под број ОДУ 431/23 од 19.04.2023 година;
3. Разгледување и усвојување на Годишната сметка, Финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за годината која завршува на 31.12.2023 година, со предлог одлуки:
Годишна сметка и финансиски извештаи на „Македонијатурист" АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2023 година;
- Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2023 година;
Годишна сметка и финансиски извештаи на "Македонијатурист" АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2023 година, ревидирани од овластен ревизор со Мислење;
- Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2023 година, ревидирани од овластен ревизор;
Годишен извештај за работењето на Друштвото во 2023 година, со Мислење од овластен ревизор;
- Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2023 година;
4. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор во 2023 година;
- Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор во 2023 година;
5. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор во 2023 година;
- Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор во 2023 година;
6. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Внатрешната ревизија во 2023 година;
- Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Внатрешната ревизија во 2023 година;
7. Донесување одлука за распределба на добивката по Годишна сметка за 2023 година;
- Предлог одлука за распределба на добивката по Годишна сметка за 2023 година;
8. Донесување одлука за исплата на дивиденда за 2023 година и утврдување дивиденден календар;
- Предлог одлука за исплата на дивиденда за 2023 година и утврдување дивиденден календар;
9. Донесување одлука за избор на овластен ревизор за 2024 година;
- Предлог одлука за избор на овластен ревизор за 2024 година

| Претставник | Гласање со коресподенција |
|---|---|
| | |

## 2. Посебен дел

| Компанија | Македонијатурист АД Скопје | |
|---|---|---|
| **Дневен ред** | **Одлука** | **Гласање на ВФП пензиско друштво** |
| 1. Избор на Претседавач со Собранието; | За претседавач со Собрани на акционери на Македонија Турист АД Скопје се именува Васка Богеска<br>Претседавачот се избира со мандат од 1 година гкој трае до наредното собрание. | "ЗА" |
| 2. Разгледување и усвојување на Годишната сметка, Финансиските извештаи на Друштвото за годината која завршува на 31.12.2023 година | Се одобруваат Годишната сметка и Финансиските извештаи на Македонијатурсит АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2023 според следните биланси:<br>1.Биланс на состојба на ден 31.12.2023<br>2.Биланс на успех од 01.01. до 31.12.2023 година.<br>Во Билансот на состојба на ден 31.12.2023 се искажани следните билансни состојби<br>АКтива 2.938.902.315 денари<br>Пасива 2.938.902.315 денари<br>Во Билансот на успех за периодот 01.01.-31.12.23:<br>Приходи 412.344.667 денари<br>Расходи 306.124.188 денари | "ЗА" |
| 3. Разгледување и усвојување на Годишната сметка, Финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор со Мислење за годината која завршува на 31.12.2023 година | Се одобрува Годишната сметка и Финансиските извештаи на Македонијатурист АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2023 ревидирани од овластен ревизор | "ЗА" |
| 4.Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото | Се одобрува и усвојува Годишниот извештај за работењето на Македонијатурист АД Скопје во 2023 година | "ЗА" |
| 5.Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор во 2023 | Се одобрува Извештајот за работата на Надзорниот одбор и начинот на кој е остварен надзорот врз управувањето на Друштвото кое го врши Управниот одбор во 2023 година, колективно и од аспект на членови и тоа:<br>1.Доне Таневски, Претседател на Надзорен одбор<br>2.Верица Хаџи Василева – Марковска, член<br>3.Владо Богдановски, член<br>4.Ѓорѓи Јанчевски, член | "ЗА" |
| 6. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор во 2023 година | Се одобрува Извештајот за работа на Управниот одбор и начинот на кој е остварено управувањето со Македонијатурист АД Скопје во 2023 година, колективно и од аспект на членови и тоа:<br>1.МИрјана Таневска – Ефремова, Претседател на Управен одбор<br>2.Зоранчо Поповски, член<br>3.Илија Тренески. член | "ЗА" |

| | | |
|---|---|---|
| 7. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Внатрешната ревизија во 2023 година | Се одобрува Годишниот извештај за работа на Внатрешна ревизија на Македонијатурист АД Скопје за 2023 година | "ЗА" |
| 8.Донесување одлука за избор на овластен ревизор за 2024 година | За овластен ревизор на Македонијатурист АД Скопје за деловната 2024 година се избира Друштвото за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје | "ЗА" |
| 9. Донесување одлука за исплата на дивиденда за 2023 година и утврдување дивиденден календар; | Дивидендата за 2023 година во вкупен бруто износ од 81.404.400 денари, да се исплати од дел од распределената добивка на Друштвото за 2023 година во износ од 36.394.329 денари, а останатите 45.010.071 денари ќе се исплатат од нераспределената добивка на друштвото и тоа 16.019.885 денари од нераспределената добивка за 2018 година, 10.617.125 денари од нераспределената добивка од 2017 и 18.373.061 денари дел од нераспределените добивки до 31.12.2008<br>Висината на дивидендата бруто по акција ќе изнесува 200 денари, односно нето по акција 180 денари<br>Последен ден на тргување со право на дивиденда е 30.04.2024<br>Прв ден на тргување безс право на дивиденда е 02.05.2024<br>Дата на стекнување на право на дивиденда е 07.05.2024<br>Исплатата на дивиденда ќе биде во законскиот рок | "ЗА" |
| 10. Донесување одлука за распределба на добивката по Годишна сметка за 2023 година; | Добивката по оданочување по Годишната сметка на Македонијатурист АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2023, во износ од 96.394.329 денари ќе се распредели на следниот начин:<br>-Дел од добивката за инвестиции – 60.000.000 денари<br>-Дел од добивката за исплата на дел од дивидендата за 2023 година 36.394.329 денари | "ЗА" |

**Скопје,**
**10.05.2024**